CEE bankwatch network

# Водич за активисти за Европските фондови

## Можностите за вклучување во програмирањето на ЕУ фондовите во Македонија

# ИНСТРУМЕНТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ (ИПА)

## Што е Инструмент за претпристапна помош?

Инструментот за претпристапна помош (во понатамошниот текст скратено ИПА од англиски Instrument for Pre-Accession-IPA) е клучниот инструмент на Европската комисија согласно Стратегијата за претпристапна помош 2007-2013 година. Целта на ИПА е да ги поддржи државите во нивниот премин од потенцијални кон земји кандидатки и понатаму до членство во Европската унија. ИПА ќе им помогне на овие земји да ги исполнат критериумите за пристапување (исполнување на политичките, економските и критериумите за членство во врска со европското законодавство, градење на нивните административни и судски капацитети) и да се подготват за програмирање, управување и имплементација на ЕУ кохезионите, структурни и фондови за рурален развој по пристапувањето. Воедно, овие фондови имаат цел да ја подобрат регионалната интеграција и територијалната соработка помеѓу земјите од ЕУ и кандидатките за членство.






| Област | Сектори опфатени со областите |
|---|---|
| ПРОЦЕС НА ТРАНЗИЦИЈА И ЗАЈАКНУВАЊЕНА КАПАЦИТЕТИТЕ | Јавна администрација<br>Раководење со јавни пари<br>Правда и внатрешни работи<br>Човекови права и права на малцинствата |
| РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ | Транспорт<br>Енергетика<br>Животна средина<br>Развој на приватниот сектор<br>Конкурентност и иновација |
| ВРАБОТУВАЊЕ, СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И РАЗВОЈ НА ЧОВЕКОВИТЕ РЕСУРСИ | Образование и развој на човековите ресурси<br>Пазар на трудот и вработување<br>Социјални политики |
| ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ | Земјоделство<br>Рурален развој |
| РЕГИОНАЛНА И ТЕРИТОРИЈАЛНА СОРАБОТКА | Регионална соработка во горенаведените сектори<br>Територијална соработка |

## Како ИПА може да ѝ служи на јавноста?

Иако парите од Инструментот за претпристапна помош се наменети примарно за државните институции, одреден дел од нив поддржуваат конкретни проекти во инфраструктурата со големо влијание врз граѓаните на Македонија. Освен тоа, средствата наменети за подобрување на одредени политики и закони исто така можат да влијаат врз секојдневниот живот на граѓаните. Од овие причини, од клучно значење е граѓаните да се вклучат во процесот на одлучување на намената на Европските пари уште во фазата на нивното планирање, повеќе позната како програмирање.

Програмирањето на ИПА фондовите во Македонија ќе биде врзано за неколку клучни документи прикажани во оваа пирамида:






**Заедничката рамковна стратегија** е предвидена за време од 7 години и таа ќе го следи принципот на структурните фондови во ЕУ. Ќе ги покрие сите земји кандидатки и сите области на делување со цел да постигне подобро усогласување со финансиската поддршка и политиката за проширување на унијата. Овој документ ќе биде подготвен од Европската Комисија.

**Стратешкиот документ за земјата** ќе ги образложи приоритетите и целите на земјата во однос на повеќе сектори. Секторите кои ќе бидат опфатени се:

- Развој на деловниот сектор, наука и иновации
- Развој на човековите ресурси
- Земјоделие и рурален развој
- Животна средина и климатски промени
- Сообраќај
- Правда и внатрешни работи
- Реформи на јавната администрација

1. На англиски – Common Strategic Framework
2. На англиски – Country Strategy Paper

## Колку средства има на располагање?

За целиот програмски период од 7 години (од 2014 до 2020 година) за земјите кандидати Европската комисија има предвидено вкупно 14,1 милијарди евра. Оваа сума ќе биде поделена помеѓу Албанија, Босна и Херцеговина, Исланд, Косово, Македонија, Србија и Турција.

## За што се најпотребни овие пари?

Основната цел на ИПА е да ги подготви државите за влез во ЕУ и оттаму, најголемиот дел од средствата секако се насочени кон државната администрација. Сепак, значителен дел од средствата се трошат и на конкретни проекти односно на потребна инфраструктура која ќе обезбеди подобрување на квалитетот на живот на граѓаните. Од овие причини од големо значење е, граѓаните да земат активно учество во дизајнирањето на ИПА во својата земја.

## Како да се земе учество во програмирањето?

Граѓанските организации треба да ја искористат можноста максимално да се вклучат во програмирањето. Тие треба да побараат од институциите да бидат рамноправно вклучени во процесот и тоа во посебни комитети кои дефинираат национални приоритети и во работните секторски групи. Претставниците на граѓанските организации треба да бидат избрани на транспарентен начин. Институциите не треба да имаат влијание врз овие процеси.
Поконкретно, граѓанските организации треба да се заложат за следното:

- Владата да донесе јасни правила и постапки за процесот на програмирање, и да се придржува кон нив,
- Стратешките цели да се резултат на консултации со сите засегнати страни,
- Да се воспостави посебен Комитет за мониторинг кој ќе го надгледува програмирањето во целост и ќе обезбеди интегрирано и синхронизирано програмирање, и претставници на граѓанскиот сектор да членуваат во него,
- Програмирањето да е резултат на работата на работни групи составени од еднаков број различни партнери (вклучувајќи го и граѓанскиот сектор) каде сите учесници имаат гласачко право,
- Работните групи да се воспостават на транспарентен начин, а списокот на членови да е јавно достапен,
- Нацрт програми (документи) да се јавно достапни за коментирање, со реални и прифатливи рокови,
- Сите релевантни документи поврзани со програмирањето да се јавно достапни по електронски пат,
- Работните групи да одговорат на примените коментари по документите, вклучувајќи издржани образложенија за прифаќање/одбивање на коментарите,
- Да се обезбеди право на жалба доколку одредена страна не е задоволна од одговорот односно од начинот на известување и вклучување на јавноста во процесот на програмирање,
- Програмирањето да тече заедно со Стратешката оцена врз животната средина која ќе започне рано во фазата на програмирање и ќе ја вклучи јавноста.



### Што би требало да биде достапно на интернет?

- постапки,
- нацрт верзии на документи, програми, стратегии, подготвителни документи за програмирањето и реализацијата,
- детални информации за проектите и критериумите за нивен избор, составот на комисиите за избор на проекти,
- студии за оцена на влијание врз животната средина,
- листи на избрани проекти,
- извештаи.

## Како ќе тече програмирањето во Македонија?

Следната табела најдобро го објаснува процесот кој ќе следи во Македонија:

| Чекори | Главни актери | Време |
|---|---|---|
| **Први дискусии со засегнатите страни** | Делегација на ЕУ, Сектор за европски прашања, Министерства, донатори, граѓански организации | Февруари– Март 2013 |
| **Прва верзија на Стратешки документ за земјата** | Делегација на ЕУ, Влада | Април 2013 |
| **Јавна дебата** | Делегација на ЕУ, Сектор за европски прашања, Собрание на РМ, граѓански организации | Мај 2013 |
| **Предлог Стратешки документ за земјата** | Делегација на ЕУ, Сектор за европски прашања | Јуни 2013 |
| **Финализирање на стратешки документ за земјата и секторите на делување** | Делегација на ЕУ, Сектор за европски прашања | Јуни– Јули 2013 |

Од табелата јасно се воочува дека граѓаните и граѓанските организации ќе имаат најмногу можности да се вклучат во програмирањето во раната пролет од 2013 година. Сепак, целта треба да биде граѓанските организации да бидат навистина вклучени како дел од работните групи кои ќе ги изготвуваат стратешките документи. Само на тој начин ќе може вистински да се искористи нивниот потенцијал и да се покаже на ЕУ дека Македонија е подготвена за ЕУ со примена на принципот на партнерство помеѓу Владата и различните засегнати страни.

## Кои се клучните страни во процесот?

Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија ја има водечката улога во процесот на програмирање. Оваа институција го координира процесот во соработка со Делегацијата на Европска Унија во Македонија. Делегацијата на Европска Унија во Македонија, како и Европската Комисија имаат исто така многу важна улога во овој процес, бидејќи тие ќе го надгледуваат процесот, но и ќе бидат партнер во подготовката на сите релевантни програми и документи.

Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија ги има следните контакт детали:

Орхидеја Каљошевска
Секретаријат за европски прашања
Зграда на Влада на Република Македонија
Бул. Илинден 2
1000 Скопје
Република Македонија
т: 02 3200-100, 02 3113-245
ф: ++389 (0) 2 311 37 10
cabinet@sep.gov.mk

Канцеларијата на Делегацијата на ЕУ во Македонија ги има следните контакт детали:

Катерина Кус- Иванова
Делегација на ЕУ во Македонија
Бул. „Мито Хаџивасилев Јасмин 52 в
1000 Скопје
Република Македонија
т: 02 3248 500, ф: 02 3248 501
Delegation-fYRMacedonia@eeas.europa.eu

За повеќе информации како да се вклучите во програмирањето во Македонија:

CEE Bankwatch Network
11 Октомври 125/12,
1000 Скопје
Македонија
т/ф: 02 3217 247
ana@bankwatch.org



Europe for Citizens
Programme

European
Climate Foundation

Проектот „Вклучување на гласот на Европските граѓани“ е финансиски поддржан од Европската комисија и Европската климатска фондација. Оваа публикација ги искажува мислењата на авторот и согласно, Европската Комисија не сноси одговорност за употребата на информациите кои се содржани во неа.

